Inclusion of Roma and Migrants in Schools

# Newsletter

Број 7 • Ноември 2019

## 7. состанок на проектот, 10–11 октомври 2019, Целје, Словенија

Партнерите разговараа за наодите од проектните активности и препораките од проектот на локално, на национално и на меѓународно ниво. Нашата работа и активностите беа признати како многу корисни во училиштата и нивните заедници и на национално ниво. Сите се надеваме дека резултатот од проектот (главно насочени кон училиштата и наставниците, волонтерите, невладините организации, креаторите на политики во областа на образованието) ќе има одржлива вредност дури и во иднина.



## RoMigSc – Меѓународна конференција, 9–10 октомври 2019, Словенија

Првиот ден организиравме 2 студиски посети: во Детската градинка „Романо" - ромската населба Пушча, Мурска Собота; и до Центарот за меѓукултурен дијалог и мултигенерацискиот центар Планета - Велење. Вториот ден беше организиран во Целје, а беше посветен на панел-дискусиите за главните наоди и препораки, презентации на постери (14 практики од партнери) и презентација на трудови (5 труда). Околу 100 учествуваа на настанот, од 8 земји, наставници, волонтери, полицајци и креатори на политики на регионално и национално ниво.

## Проектот RoMigSc  во бројки

- 6 институции за партнери
- 6 земји
- 8 јазици
- 267 обучени волонтери
- 131 волонтери вклучени во активности на RoMigSc
- Околу 15500 волонтерски часови
- Околу 4300 корисници од волонтирањето
- Повеќе од 400 обучени наставници
- Повеќе од 900 различни вклучени стејкхолдери.

## Ораки за политика

**Локално ниво**

- Мулти-агенциски пристап со повеќе засегнати страни
- План за интеграција: попис на ресурсите, целите и мерките
- Поддршка на училиштата, обезбедување дополнителни ресурси, планирани и непредвидени состојби
- Поддршка на волонтерите и поттикнување на граѓанското општество
- Наставниците од мрежата на социјални работници и волонтери да учат едни од други

**Национално ниво**

- Базирање на сите политики за конзистентен и прифатлив модел на различност
- Потврдување на реалноста на миграциското општество
- Прифаќање на меѓународните обврски
- Обезбедување соодветни ресурси
- Поттикнување експериментирање и флексибилност за справување со новите проблеми, прилагодување и  насочување на решенијата од долу нагоре
- Проширување на истражувањето и експериментирањето
- Инвестирање во едукација на наставници и меѓународна размена, поттикнување на меѓународната перспектива како предуслов за компетентно предавање
- Дефинирање на барањата за компетентност на наставниците: потенцирање на комуникацијата, социјалната емоционалната емпатијата, и компетентноста за прилагодување.

**Европско ниво**

- Зајакнување на напорите за „Европеизирање" на образованието: образованието мора да се подготви за миграциското општество на сите нивоа
- Паралелно со напорите во универзитетското образование, како признавање на резултатите од учењето и сертификатите, ова мора да се прошири и на стручна обука, вклучително и на мобилноста и понатаму во процесот
- Училишното образование мора да биде корисно насекаде низ Европа и да се подготви за миграција
- Проширување на јазична обука, вклучително и заеднички јазик, намалување на бариерите за промена на земјата, заеднички основни наставни програми
- Препораки за обука на наставници и профил на наставници

## RoMigSc Е-платформата  за вклучување во училиштата во мултикултурен контекст  е достапна на 8 јазици, со отворен пристап https://e-platform.romigsc.eu/.

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

https://romigsc.eu

# Обуки, отворени дискусии и младински волонтерски активности












Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

**Erasmus+, KA3:** Поддршка на реформата на политиките – Социјална инклузија преку образование, обука и млади
**Број на проектот:** 580228-EPP-1-2016-1-SI-EPPKA3-IPI-SOC-IN
**3-годишен проект:** 31 декември 2016–31 декември 2019
**Земји учеснички во проектот:** Словенија, Германија, Шпанија, Италија, ПЈР Македонија, Турција

Поддршката на Европската комисија за подготовката на оваа публикација не претставува прифаќање на содржините, кои ги одразуваат ставовите на авторите, и Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите кои се содржани во нив.